БАС
Бизнис Академија Смилевски

Врз основа на член 110 од Законот за Високото образование (Сл.весник на Р.М. бр.35 од 14.03.2008 година) и Статутот на Бизнис академијата Смилевски – БАС,

**Бизнис академијата Смилевски – БАС распишува**

# К О Н К У Р С

## за запишување студенти во прва година на прв и втор циклус на студии во студиската 2012/2013 година

**I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ**

На Бизнис академијата Смилевски – БАС во прва година на прв (додипломски) циклус и втор (постдипломски) циклус на студии ќе се запише следниов број на студенти:

| Студиска програма | Редовни студенти | | | Вонредни студенти | | | Вкупно студенти | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | Битола | Струмица | Скопје | Битола | Струмица | Скопје | Битола | Струмица | |
| **Дипломиран оперативен менаџер (прв циклус)** | 42 | 42 | 42 | 42 | 42 | 21 | 84 | 84 | 63 | 231 |

| Студиска програма | Студенти на втор циклус | | | Вкупно студенти | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | Битола | Струмица | Скопје | Битола | Струмица | |
| **МБА – специјалист по стратегиски менаџмент (втор циклус)** | 42 | 42 | 21 | 42 | 42 | 21 | 105 |

**II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА БАС**

**1) УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИ) НА СТУДИИ**

**А) Запишување на редовни студенти**

1. Право на запишување на прв циклус на студии на Бизнис академијата Смилевски имаат кандидати со завршено четиригодишно средно (гимназиско или било кој вид на стручно) образование. Во првиот уписен рок право на прием имаат кандидатите со државна матура. Доколку по приемот на овие кандидати има слободни места, се примаат и кандидати со училишна матура или завршен испит, како и кандидати кои завршиле средно образование пред воведувањето на матурата.
2. Право на запишување имаат и студенти од други факултети, како и дипломирани лица по посебна постапка на трансфер на кредити, односно признавање на претходно положени испити.
3. Во случај на пријавување на поголем број кандидати од бројот утврден со конкурсот при изборот на кандидатите за прием се врши рангирање на кандидатите според постигнатиот успех од средното образование (30%), постигнатиот успех на матурскиот, односно завршниот испит (30%) и резултатите од проверката на предиспозициите на кандидатите за професионална успешност во бизнисот (40%).
4. Школарината по семестар изнесува 950 евра и се плаќа во две еднакви рати: при запишувањето на семестарот и до крајот на истиот или на повеќе рати (до 12 месечни рати) во договор меѓу студентот и Академијата. Во школарината се вклучени сите обврски кон Академијата, како што се трошоците за наставата, учебниците, учебните помагала, материјалите и останатите административни трошоци.

**Б) Запишување на вонредни студенти**

1. Право на запишување на прв циклус на студии на Бизнис академијата Смилевски имаат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување на прв циклус на студии и кои имаат засновано работен однос, како и кандидати кои од оправдани причини немаат можност да се запишат како редовни студенти.
2. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг листа.
3. При пријавувањето за запишување како вонреден студент, кандидатот треба да достави и документ за оправданост на причините според кои нема можност да се запише како редовен студент.

**В) Запишување на студенти со трансфер на кредити од други високообразовни установи**

1. Право на запишување на прв циклус на студии на Бизнис академијата Смилевски имаат кандидати од други високообразовни установи, како и дипломирани лица со посебна постапка на трансфер на кредити, односно признавање на претходно положените испити.
2. Студентите со трансфер на кредити од други високообразовни установи се запишуваат според истите услови и критериуми, а се рангираат на посебна ранг листа.
3. При пријавувањето кандидатите задолжително треба да достават и доказ за претходно положените испити од другата/другите високообразовни установи (исписница, уверение за положени испити).
4. Школарината за кандидатите со трансфер на кредити од други високообразовни установи пропорционално се намалува во однос на признаените (трансферираните) кредити.

**Г) Запишување на студенти на далечина**

1. Право на запишување на студенти по системот студирање на далечина имаат лица кои ги исполнуваат условите за редовни или вонредни студенти, а заради одделеченоста или други причини се спречени да посетуваат настава за редовни или вонредни студенти во трите локации на БАС.
2. При пријавувањето за запишување по претходната точка, кандидатите треба да достават и документ за оправданост за неможноста да се запишат како редовни или вонредни студенти.

**Д) Документи за пријавување:**

1. Диплома за положена државна матура или за положена училишна матура или за положен завршен испит (оригинал или нотарска заверка);
2. Свидетелства од сите класови од средно образование (оригинал или нотарска заверка);
2. Извод од матичната книга на родените (оригинал или нотарска заверка);
3. Пополнета пријава за упис на БАС;

Документите се доставуваат лично или по пошта до БАС во Скопје (бул. АВНОЈ 74а) или во дисперзираните одделенија на БАС во Битола (ул.Довлеџик бб) и Струмица (ул.Ленинова бб).

**Ѓ) Траење на студиите:**

Студирањето трае 6 (шест) семестри, освен за кандидатите со трансфер на кредити од други високообразовни установи, каде времетраењето на студирањето зависи од бројот на трансферираните кредити.

По дипломирањето, студентите се стекнуваат со диплома за високо образование со наслов ***Дипломиран оперативен менаџер (Bachelor).*** Покрај акредитираната диплома, кандидатите добиваат додаток на диплома со попис на изборните модули или предмети и останатите остварувања во текот на студиите.

**2) УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗАПИШУВАЊЕ НА ВТОР (ПОСТДИПЛОМСКИ) ЦИКЛУС НА СТУДИИ**

**А) Услови и критериуми за запишување на втор (постдипломски) циклус на студии**

1. Право на запишување на втор циклус на студии на Бизнис академијата Смилевски имаат кандидати со завршени студии од прв циклус со тригодишно или четиригодишно траење.
2. Право на запишување имаат и студенти од втор циклус на студии од други високообразовни установи, како и дипломанти од втор циклус по посебна постапка на трансфер на кредити.
3. Право на запишување на студенти по системот студирање на далечина на втор циклус на студии имаат лица кои ги исполнуваат условите за студирање на втор циклус на студии, а заради оддалеченоста или други причини се спречени да ја посетуваат наставата на една од трите локации на БАС. Кандидатот задолжително треба да достави документ за оправданоста за неможноста да студира на една од трите локации.
4. Во случај на пријавување на поголем број кандидати од бројот утврден со конкурсот, изборот на кандидатите за прием се врши со рангирање на кандидатите според постигнатиот успех од прв циклус (60%) и остварените деловни и академски резултати по дипломирањето (40%).
5. Школарината за кандидатите кои имаат завршено тригодишни додипломски студии изнесува 500 евра во денарска противвредност по триместар и се плаќа на почетокот од секој триместар.

Вкупната школарина за кандидатите кои имаат завршено четиригодишни додипломски студии изнесува 2250 евра во денарска противвредност.

Во школарината се вклучени сите обврски кон Академијата, како што се трошоците за наставата, учебниците, учебните помагала, материјалите и останатите административни трошоци. При трансфер на кредити или запишување на дополнителни изборни предмети, вредноста на еден предмет изнесува 200 евра во денарска противвредност.

**Б) Документи за пријавување:**

1. Диплома за завршен прв циклус на студии и документи за остварувањата по дипломирањето (оригинал или нотарска заверка).
2. Извод од матичната книга на родените (оригинал или нотарска заверка).
3. Пополнета пријава за упис на БАС.

Документите се доставуваат лично или по пошта до БАС во Скопје (бул. АВНОЈ 74а) или во дисперзираните одделенија на БАС во Битола (ул.Довлеџик бб) и Струмица (ул.Ленинова бб).

**В) Траење на студиите:**

Студирањето трае 6 (шест) триместри. За кандидати со завршени четиригодишни студии од прв циклус студирањето трае 4,5 триместри. За кандидатите со трансфер на кредити од други високообразовни установи времетраењето на студиите зависи од бројот на трансферираните кредити.

По дипломирањето, студентите се стекнуваат со диплома за завршен втор циклус на студии – ***MBA (Master of Business Administration) – Специјалист по стратегиски менаџмент***. Покрај акредитираната диплома, кандидатите добиваат додаток на диплома со попис на изборните модули или предмети и останатите остварувања во текот на студиите.

**III. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ**

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите во првиот, вториот и третиот уписен рок на сите три локации ќе се одвива во следниве термини:

| | **Прв уписен рок** | **Втор уписен рок** | **Трет уписен рок** |
|---|---|---|---|
| **Пријавување на кандидати** | до 17 август 2012 | до 14 септември 2012 | до 15 септември 2012 |
| **Објавување на прелиминарна ранг листа** | 22 август 2012 | 15 септември 2012 | 17 септември 2012 |
| **Објавување на листата на примени кандидати** | 27 август 2012 | 17 септември 2012 | 18 септември 2012 |
| **Запишување на студенти** | 29 и 30 август 2012 | 18 и 19 септември 2012 | 19 септември 2012 |

Повеќе информации на www.bas.edu.mk или на 02/2455-754 и 047/22-52-18